Thomson Media

**Отворен е конкурсот за ЕУ наградите за истражувачко новинарство 2023 за новинари од Западен Балкан и од Турција**

[Скопје, Северна Македонија] – [08.05.2023] – Отворен е конкурсот за „Наградата од Европската Унија за истражувачко новинарство 2023", која е дел од проектот „***Зајакнување на квалитетните вести и независното новинарство во земјите од Западен Балкан и во Турција 2***". Оваа награда има за цел да ги препознае и промовира извонредните постигнувања во истражувачкото новинарство, како и да ја подобри видливоста на квалитетното новинарство во земјите од Западен Балкан и во Турција.

Наградата им оддава признание на најдобрите истражувачки стории создадени во претходната календарска година и се доделува во шесте земји од Западен Балкан (Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора, Косово и Северна Македонија) и во Турција.

Оваа година, за прв пат, ЕУ наградата се воведува и на регионално ниво, таргетирајќи ги најдобрите стории од целиот регион, врз база на јасно определени критериуми.

Годишниот награден фонд за Северна Македонија изнесува 10.000 евра. Дополнително, наградниот фонд за регионалните награди изнесува исто така, 10.000 евра. Ќе бидат избрани три најдобри стории на национално, и три на регионално ниво, при што паричните награди изнесуваат по 5.000 евра за прво место, 3.000 евра за второ место и 2.000 евра за трето место.

Секој од кандидатите може да одбере дали сака да ја пријави својата сторија за националниот, регионалниот, или и за двата конкурси. Оваа можност се нуди во формуларот за апликација. Еден кандидат/автор може да аплицира со повеќе стории. Победниците на националните конкурси во секоја од земјите од Западен Балкан и од Турција автоматски стануваат и кандидати за регионална ЕУ награда за истражувачко новинарство.

Организатор на конкурсот е Томсон медија, а спроведувач во Македонија е Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, организации со деceниско искуство во развој на медиумите, промоција на правата на новинарите и професионалното новинарство.

EU INVESTIGATIVE JOURNALISM AWARDS
IN THE WESTERN BALKANS AND TÜRKIYE

STRENGTHENING QUALITY JOURNALISM
WESTERN BALKANS AND TÜRKIYE

Thomson Media

**Рокот за поднесување апликации е 20 јуни, 2023 до 24:00 часот**

Овој проект е финансиран од Европската Унија и е спроведуван од конзорциум кој го сочинуваат Балканската истражувачка репортерска мрежа – БИРН Хаб, Централно-европскиот Универзитет (ЦЕУ) – Унгарија, Асоцијацијата на новинари (АЈ) – Турција, Томсон Медија (ТМ) – Германија, Универзитетот Гоце Делчев Штип (УГД) – Македонија, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) – Македонија, Асоцијацијата на медиумите од југо-источна Европа (МАСЕ) – Црна Гора и Балканската истражувачка репортерска мрежа Косово (БИРН Косово).

За повеќе детали за процесот на аплицирање кликнете на следниов линк: https://bit.ly/41uqOLL

EU INVESTIGATIVE JOURNALISM AWARDS
IN THE WESTERN BALKANS AND TÜRKIYE

STRENGTHENING
QUALITY JOURNALISM
WESTERN BALKANS AND TÜRKIYE